Врз основа на член 123, 125, 131 и 135 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/10, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научно, наставно – стручно и соработничко звање и асистенти – докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Ректорската управа на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, распишува:

**КОНКУРС**
**за избор на наставници во сите наставно-научни звања и асистенти – докторанди на Факултетите во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Се распишува Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања на неопределено време и асистенити – докторанди на:

**А. Факултет за градежништво и архитектура** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**А.1 Студиска програма: АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН**

1. Избор на еден наставник во наставно - научната област АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН (20100 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**А.2 Студиска програма: ГРАДЕЖНИШТВО – КОНСТРУКТИВНА**

1. Избор на еден асистент - докторанд од наставно - научна област ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ (20700 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**Б.Факултет за информатички науки** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**Б.1 Студиска програма: ИНФОРМАТИКА - ПРОГРАМИРАЊЕ**

1. Избор на еден асистент - докторанд на наставно- научна област област ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И СИТЕМИ (21205 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

**Б.2 Студиска програма: ИНФОРМАТИКА - НАСТАВНА**

1. Избор на еден наставник во наставно - научната област БАЗИ НА ПОДАТОЦИ (21203 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)
2. Избор на еден асистент - докторанд од наставно - научна област БАЗА НА ПОДАТОЦИ (21203 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**В. Факултет за технички науки** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**В.1 Студиска програма: ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ**

1. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област МАТЕМАТИКА (10900 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)

2. Избор на еден асистент - докторанд од наставно - научна област ЕЛЕКТРОТЕХНИКА (20200 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**В.2 Студиска програма: ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**
1. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА (50300 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**Г. Факултет за технолошки науки** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.
**Г.1 Студиска програма: ПРЕХРАМБЕНИ ТЕХНОЛОГИИ**
1. Избор на еден наставник од наставно - научна област ПРЕХРАМБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО (41400 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)
2. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА (10702 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација)
3. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област МИКРОБИОЛОГИЈА (41402) и ПРЕХРАМБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА (41400) од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација.
4. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област ХЕМИЈА (10700 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**Д. Факултет за социјални науки** во состав на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.
**Д.1 Студиска програма: СОЦИЈАЛАНА ПОЛИТИКА И СОЦИЈАЛНА РАБОТА**
1. Избор (реизбор) на еден наставник во наставно - научна област СОЦИОЛОГИЈА НА МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ (51122 од Класификацијата на научно – истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
2. Избор на еден наставник од наставно - научна област СОЦИАЛНА РАБОТА (ВО ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ, СОЦИАЛНА ЗАШТИТА, ДРУГО) (51203) И МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВО (50617) на научно – истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација
3. Избор на еден асистент - докторанд за натавно – научна област СИСТЕМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (51204 од Класификацијата на научно – истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**Д.2 ЕВРОПСКИ СТУДИИ (НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК)**
1. Избор на еден асистент –докторант од наставно научната област ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ (50703) И ДРУГО ( 50710) од Класификацијата на научно – истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**Д.3 Студиска програма: СПОРТ И СПОРТСКИ НАУКИ**
1. Избор на еден наставник од наставно – научна област ФУНДАМЕНТАЛНА КИНЕЗИОЛОГИЈА (50400) и ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (50401) од Класификацијата на научно – истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

**Услови и критериуми за избор:**

Кандидатите треба покрај општите услови да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје.

Кандидатите се должни да ги поднесат следниве документи:

пријава за учество на конкурсот,

куса биографија,

докази за исполнетост на општите и посебните услови,

списокот на научни и стручни трудови по еден примерок од научните и стручни трудови и Одлука од предходен избор во наставно – научно звање.

Работното време ќе биде утврдено согласно распоредот за часови и актите на Универзитетот.

Паричниот износ на основната нето плата за наведените позиции е во согласност со актите на Универзитетот, наставната ангажираност на наставникот и асистентот - докторанд во семестарот и наставно научното звање во кое е извршен изборот а изнесува од 22.831 до 34.446 денари.

Конкурсот трае пет (5) работни дена од денот на објавувањето на конкурсот. Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ги достават во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ул."12 Македонска бригада" бр. 2-а/VI спрат, со назнака: За Конкурс за избор на наставници во сите наставно – научни звања на:

**А. Факултет за градежништво и архитектура**

**Б. Факултет за информатички науки**

**В. Факултет за технички науки**

**Г. Факултет за технолошки науки**

**Д. Факултет за социјални науки**

во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.

Универзитет „Мајка Тереза” во Скопје